Врз основа на член 30 став 6 алинеја 4 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18), Управниот Одбор на Фондот за иновации и технолошки развој на седницата одржана на 04.02 2019 година ја донесе следната

**Одлука**

**за донесување на Годишната програма за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година**

Член 1

Се донесува Годишна програма за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

**Број** 02-506/4
04.02.**2019 година**
**Скопје**

**Претседател на Управен одбор**
**на Фонд за иновации и технолошки развој**
**Моника Јованова**

Врз основа на член 28 став 1 и 3 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2013, 137/2013, 41/2014, 44/2015, 6/2016, 53/16, 190/2016 и 64/2018 ) и член 20 став 2 алинеја 4 од Статутот на Фондот за иновации и технолошки развој, Управниот одбор на Фондот, на предлог на директорот на Фондот, на седницата одржана на 04.02.2019 година донесе

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2019 ГОДИНА

Институција/ Претпријатие/ Организација:

ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Период: 01.01.- 31.12.2019 година

Вкупна вредност: 904.504.898,00 денари

## Вовед

***Основна дејност***

Основна дејност на Фондот за иновации и технолошки развој (во понатамошниот текст Фондот) е обезбедување финансиска поддршка на претпријатија регистрирани во Република Македонија, со цел поттикнување на иновациската дејност преку кофинансирани грантови кои се доделуваат на конкурентна основа.

Основните задачи на Фондот се следните:

- финансирање, подготовка, реализација и развој на програми, проекти и други активности од областа на спроведувањето на иновациската политика;
- професионални и други работи во врска со прибавување средства во Фондот, управување со тие средства и нивно користење;
- посредување во врска со финансирањето на иновациската дејност од средства на меѓународни организации, финансиски институции и тела, како и домашни и странски правни и физички лица, особено во областите на науката и технологијата согласно со приоритетите утврдени во стратегијата за иновации;
- водење на база на податоци за корисниците на средствата доделени од Фондот, идентификациски податоци за субјектите на кои им се одобрени средства, програмите, проектите и другите активности во областа на иновациската дејност кои Фондот ги финансира, како и потребните и достапните финансиски средства за нивна реализација;
- поттикнување и создавање соработка со меѓународни и домашни финансиски институции и други правни и физички лица, поради финансирање на иновациската дејност, во согласност со иновациската политика и други стратешки планови и програми, како и со ратификувани меѓународни договори;

- избирање друштво за управување со приватни фондови преку јавен повик, кој ќе управува со средствата на Фондот наменети за реализација на инструментите за еквити и мезанин инвестиции
- основање на Фонд за еквити и мезанин инвестиции и донесување на статут и проспект на Фондот за еквити и мезанин инвестиции и
- следење и евалуација на проектите за кои се доделени средства, со цел развивање на претприемништвото во Република Македонија.

***Мисија и цели***

Мисијата на Фондот за иновации и технолошки развој е поттикнување и поддршка на иновациската дејност во микро, малите и средните претпријатија со цел остварување забрзан технолошки развој, базиран на трансфер на знаење, на истражување за развој и на иновации што придонесуваат кон создавање нови работни места и за економски раст и развој, истовремено подобрувајќи ја бизнис-средината за развој на конкурентските способности на компаниите.

Приоритети и цели на Фондот се:

- Подобрен пристап до финансиска поддршка за иновации и за технолошки развој
- Промовирање и поттикнување на иновациската дејност во Македонија

Фондот преку исполнувањето на своите цели придонесува кон забрзан технолошки развој кој се темели на трансфер на знаења, развојни истражувања и иновации кои придонесуваат за економски раст и развој, но и подобрување на деловната клима за развој на конкурентска способност на претпријатијата.

План на активности

## I ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

## 1. СПРОВЕДУВАЊЕ ПРОГРАМИ

### 1.1. Спроведување програми согласно постојните инструменти за поддршка

Фондот, во координација со Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија и Кабинетот на вицепремиерот задолжен за економски прашања, ќе продолжи со спроведување на Планот за економски раст, столб 3: финансиска поддршка (кофинансирани грантови ) за микро, мали и средни претпријатија. Станува збор за мерки на индустриска политика за поттикнување на инвестициите, извозот и конкурентноста на македонската економија и тоа: Мерка 1. Финансиска поддршка на МСП со тенденција на брз пораст („Газели“), Мерка 2. Посебна финансиска поддршка (кофинансирани грантови) за ММСП, Мерка 3.

Финансиска поддршка на ММСП за подобрување на иновативноста, Мерка 4. Финансиска поддршка за стручно усовршување и пракса за нововработени млади лица и Мерка 5. Создавање на амбиент и изработка на законски основи за развој на ризичен капитал.

- **Мерка 1. Финансиска поддршка на ММСП со тенденција на брз пораст („Газели")**

Средствата од оваа мерка се користат за кофинансирани грантови за технолошки развој на компаниите преку покривање на директни трошоци во инвестициски проекти до 30% од прифатливите на барателот, но не повеќе од 10.000.000 МКД.

Поддршката се обезбедува за следните инвестициски активности и трошоци:

- прифаќање и спроведување на европските технички прописи во однос на безбедноста на производите;
- подготовки за стекнување сертификати за квалитет;
- активности за анализа, подготовка, стекнување и заштита на права од индустриска и интелектуална сопственост;
- подготовка и спроведување на активности за подобрување на енергетската ефикасност;
- изработка на елаборати за заштитата на животната средина;
- подготовка и воспоставување на системи за управување со отпадот;
- воведување на информациони системи;
- трошоци за техничка поддршка (експертиза), врз основа на претходно доставен профил на домашни и/или надворешни експерти што ќе се ангажираат на проектот;
- трошоци поврзани со постапки пред организации, научно-истражувачки институти, компании и меѓународни организации поврзани со стекнување на сертификати за квалитет, стекнување на патенти и други права од интелектуална сопственост, како и други документи поврзани со инвестициските активности, што се издаваат од сертифициран субјект;
- трошоци за договорни услуги за истражување и развој (пр. тестирање, лабораториски услуги и сл.);
- трошоци за набавка или изнајмување на опрема, ИТ алатки и друг вид на основни средства за ММСП, директно поврзани со реализација на проектот за технолошки развој;
- други трошоци директно поврзани со реализацијата на проектот, освен плати и набавки од домашни јавни претпријатија.

Барателот може да ја користи финансиската поддршка во период *до 18* месеци од денот на одобрување на проектот.

- **Мерка 2. Посебна финансиска поддршка (кофинансирани грантови) за ММСП**

Средствата од оваа мерка се користат за кофинансирани грантови за технолошки развој на компаниите со покривање до 30% од прифатливите директни трошоци на корисникот, но не повеќе од 5.000.000 МКД.

Поддршката се обезбедува за следните инвестициски активности и трошоци:

- техничка поддршка од страна на надворешни експерти за подготовка на среднорочни и долгорочни стратешки планови;
- обука за среднорочно планирање на бизнисот (три-годишен бизнис план);
- подготовка на развојни проекти за деловно поврзување и воспоставување на деловна соработка (во период од 3 до 5 години) со странски инвеститори и домашни претпријатија;
- подобрување на организационата структура за задоволување на растот на фирмата;
- специјализирани менаџмент обуки - програми за развој на способностите на менаџмент тимовите;
- обука за препознавање таленти (идни лидери) и креирање на програми за развој на таленти (идни лидери);
- обука за планирање и контрола на трошоци;
- набавка или изработка на специфичен софтвер поврзан со подобрување на организациската структура и перформансот или за подобрување на оперативните процеси кои ќе ја зголемат продуктивноста и/или процесот на планирање;
- трошоци за техничка поддршка (експертиза), врз основа на претходно доставен профил на клучни домашни и/или надворешни експерти што ќе се ангажираат;
- трошоци поврзани со подготовка и реализација на обуки;
- други трошоци поврзани со спроведување на план за подобрена организациона структура на барателот;
- трошоци за набавка и/или изработка на опрема, софтвер, ИТ алатки и друг вид на основни ИКТ средства за ММСП директно поврзани со реализација на проектот за технолошки развој;
- други трошоци директно поврзани со реализацијата на проектот, освен плати и набавки од домашни јавни претпријатија.

Барателот може да ја користи финансиската поддршка во период *до 18* месеци од денот на одобрување на проектот.

- **Мерка 3. Финансиска поддршка на ММСП за подобрување на иновативноста**

Оваа мерка беше спроведена преку Инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста. Во текот на 2018 година направени се измени со кои е креиран еден заеднички инструмент кој ги опфаќа двата инструменти: Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста од Планот за економски раст – столб 3 и инструментот Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации, кој се спроведуваше во рамки на инструментите предвидени со Проектот за развој на вештини и иновации (Skills Development and Innovation Support Project).

Со инструментот Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, Светска Банка станува партнер на Владата за реализација на Планот за економски раст. Изменетиот Правилник на инструментот е во процедура за добивање на согласност од Владата на РМ.

- **Мерка 4. Финансиска поддршка за стручно усовршување и пракса за нововработени млади лица**

Средствата од оваа мерка се користат за кофинансирани грантови за технолошки развој на компаниите со покривање до 30% од трошоците за обука и стручно усовршување на нововработени млади лица, но не повеќе од 1.000.000 МКД.

Поддршката од оваа мерка се доделува за стручно усовршување и/или пракса за лица до 29 годишна возраст, кои се работно ангажирани кај барателот најмалку 6 месеци пред поднесувањето на барањето за финансиска поддршка. Поддршката опфаќа покривање на:

- трошоци за стручна обука и пракса за нововработено младо лице кај барателот (вклучително и Fast Track Management Programme);
- трошоци за стручна обука и пракса за нововработено младо лице во друга компанија и/или организација што обезбедува ваков тип на услуги;
- трошоци поврзани со подготовка и реализација на план за зајакнување на стручни и технички вештини;
- трошоци за патување, сместување и храна во земјата и странство, доколку програмата за стручното усовршување и/или пракса се реализира вон местото на живеење на вработениот;
- трошоци за аплицирање, котизација и други надоместоци за учество во програмата за стручно усовршување и/или пракса што ги наплаќа организаторот (различен субјект од барателот);
- трошоци за подготовка и полагање на испити за добивање на сертификати и други документи за успешно реализирана програма и/или пракса;
- други директни трошоци поврзани со организација и/или учество во програма за стручно усовршување и/или пракса.

Вкупната поддршка под оваа мерка за еден барател може да се користи во период до 24 месеци за едно нововработено младо лице.

Мерките од третиот столб на Планот за економски раст на Владата на РМ се спроведуваат преку 4 инструменти за кофинансирање и тоа :

- Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст („Газели“);
- Кофинансирани грантови за микро претпријатија;
- Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста (сега Кофинасирани грантови за комерцијализација на иновации) и
- Кофинансирани грантови за стручно усовршување и пракса на нововработени млади лица

Во врска со **Мерката 5. Создавање на амбиент и изработка на законски основи за развој на ризичен капитал** предвидена е изработка на подзаконски акти за овозможување на коинвестирање од страна на Фондот во приватни фондови заедно со инвеститори, инвестициски фондови и акцелератори во страт-ап претпријатија, технолошко напредни претпријатија и претпријатија со висок потенцијал за раст. Предвидено е и Ко-инвестирање од страна на Фондот за иновации и технолошки развој во приватни фондови заедно со инвеститори, инвестициски фондови и акцелератори со цел обезбедување почетен капитал и последователни инвестиции во старт-ап претпријатија, технолошко напредни претпријатија и претпријатија со висок потенцијал за раст.

Активностите за воспоставување на Фонд за еквити и мезанин инвестиции (ФЕМИ) се во завршна фаза. За ФЕМИ, во текот на 2018 година, беше изработен документ кој ги содржи условите и начините на неговото функционирање, инвестиционата стратегија и инвестиционите политики. Врз основа на овој документ, во почетокот на 2019 година ќе се објави јавен оглас за избор на менаџер кој ќе управува со Фондот за еквити и мезанин инвестиции. Критериумите според кои ќе се одбере менаџерот се: големина на фондот, износ на сопствена инвестиција, искуството на тимот и предложена инвестициска стратегија. Јавниот повик ќе биде отворен 6 месеци со цел да се остави време на потенцијалните апликанти да обезбедат индивидуални инвеститори, да се регистрираат во Комисијата за хартии од вредност, да направат истражување на македонскиот пазар и да состават инвестициски тим.

Проектот за развој на вештини и иновации што го спроведува Министерството за образование и наука има за цел подобрување на транспарентноста на распределувањето на ресурсите и унапредување на отчетноста во високото образование, како и подобрување на релевантноста на средното техничко стручно образование и поддршка на капацитетот за иновации во Република Македонија. Во рамки на проектот, Фондот се јавува како одговорна институција и тоа во делот - Подобрување на капацитетот за иновации на претпријатијата и соработка со истражувачките организации. Активностите од проектот за развој на вештини и договорот за заем од Светска Банка завршуваат заклучно со мај 2019 година. Од страна на МОН е иницирано продолжување на проектот за период од 13 месеци, заклучно со јуни 2020 година.

Во рамки на Проектот за развој на вештини и иновации, Фондот обезбедува финансиска поддршка преку 4 инструменти за поддршка:

- Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва „старт-ап“ и „спин- оф“;
- Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации (сега Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации);
- Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и
- Кофинансирани грантови за технолошка екстензија

Со донесувањето на нов Правилник за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, се врши усогласување на условите за аплицирање и финансирање предвидени во истиот, со условите за аплицирање и финансирање предвидени во Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста. Целта на ваквото усогласување е зголемување на атрактивноста на инструментот за комерцијализација на иновации, односно одржување на континуиран интерес на потенцијалните апликанти кон овој инструмент и овозможување на еднаков третман на апликантите / корисниците преку двата правилници.

Измените во Правилникот за инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации се следните:

- Зголемување на износот на финансиска поддршка по овој инструмент од досегашниот максимален износ до 100,000.00 (сто илјади) евра на износ до 325,000.00 (тристотини дваесет и пет илјади) евра финансиска поддршка.
- Се проширува опсегот на компании кои се подобни за аплицирање за овој инструмент односно инструментот станува достапен не само за микро и мали компании туку и за сите средни претрпијатија. Досега под овој инструмент за грант можеа да аплицираат само оние претпријатија кои имаат годишни приходи до 500,000.00 (пет стотини илијади) евра а тие што имаат годишни приходи од 500,001.00 (пет стотини илјади) евра до 1,000,000.00 (еден милион) евра можеа да аплицираат само за условен заем. Компаниите со годишни приходи од над 1,000,000.00 (еден милион) евра не беа подобни за аплицирање. Со оваа промена инструментот станува достапен за сите микро, мали и средни претпријатија.
- Се отстранува условениот заем кој според досегашниот Правилник за овој инструмент можеше да се одобри на компании кои остваруваат годишни приходи од 500,001.00 (пет стотини илијади) евра до 1,000,000.00 (еден милион) евра со што се изедначува третманот на компаниите и им се овозможува на сите мирко, мали и средни компании да аплицираат за грант, а не дел за грант и дел за условен заем.

- Се менува соодносот на ко-финансирање за средните компании, т.е. за сите средни компании Фондот обезбедува ко-финансирање од максимум 60% (шеесет проценти) од вкупниот буџет на проектот, а апликантот минимум 40% (четириесет проценти) сопствено ко-финансирање. За микро и малите компании соодносот на ко-финансирање останува ист како и досега, т.е. Фондот обезбедува максимум 70% (седумдесет проценти) кофинансирање, а апликантот минимум 30% (триесет проценти) сопствено ко-финансирање.

Средствата за финансиска поддршка за иновации и технолошки развој за ММСП определени со горенаведените инструменти се доделуваат согласно критериумите и постапките уредени со правилниците за секој од горенаведените инструменти на Фондот за иновации и технолошки развој.

Иновациските проекти ќе се избираат, проценуваат, спроведуваат и оценуваат во согласност со принципите, постапките и условите наведени во Оперативниот прирачник за проектот, Оперативниот прирачник за инструментите на Фондот, Правилниците за инструментите на Фондот, Насоките за набавки и консултанти, Насоките за спречување на корупција, Правилникот за управување со животна средина и сите важечки Планови за управување со животната средина. При оценката на предлог проектите ќе бидат ангажирани и надворешни експерти.

Средствата за финансиска поддршка за иновации и технолошки развој ***предвидени за 2019 година*** ќе се доделуваат по пат на три јавни повици и тоа:

- Прв јавен повик за инструментот Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации,
- Втор јавен повик за инструментите: Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со потенцијал за брз раст (Газели), Кофинансирани грантови за микро претпријатија и Кофинансирани грантови за стручно усовршување и пракса на нововработени млади лица и
- Трет јавен повик за инструментот Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации.

Првиот јавен повик е планирано да се објави во првата половина на 2019 година, додека вториот и третиот јавен повик е планирано да се објават во втората половина на годината.

### 1.2. Набљудување и оценка

Во согласност со утврдените процедури за евалуација на пристигнатите апликации, во 2019 година ќе биде спроведено следење кај апликантите под инструментите за кои е распишан Јавен повик, преку посета на терен, со цел утврдување на капацитетите и потенцијалите за спроведување на предлог-проектите доставени до Фондот. Спроведувањето на проектите од корисниците исто така ќе се следи и преку теренски посети, квартални, наративни и финансиски извештаи. Во текот

на 2019 година ќе се врши набљудување и оценка на спроведувањето на проектите од страна на корисниците согласно сите горенаведени инструменти.

Кон крајот на 2018 год. објавен е тендер за избор на надворешен субјект што ќе врши мониторинг на проектите.

## 1.3. Нови инструменти за поддршка

Фондот покрај постојните инструменти, ќе развива и други инструменти за поддршка на целната група, во насока на поттикнување на иновациската дејност и технолошкиот развој. Планирано е пилотирање и/или спроведување на следните нови инструменти и тоа: (а) Примена на иновации во јавниот сектор; (б) Воведување на Иновации и технолошки развој во руралниот развој и (в) Финасинсирање на истражувачки инструменти во академската заедница.

### 1.3.1. Инструмент за примена на иновации во јавниот сектор

Фондот продолжува со пилотирање на Инструментот - Примена на иновации во јавниот сектор. Со овој инструмент ќе се поттикне поголемо вклучување на домашните компани со иновативна култура и капацитет, во обезбедување на потребите на јавниот сектор и општеството. Инструментот ќе финансира развој на иновативни продукти и услуги за конкретна потреба на јавниот сектор. Со самиот процес на аплицирање за средства, на компаниите на компетитивна основа ќе им се обезбедат финансиски средства за развој на нов продукт или услуга. Со вклучување на јавниот сектор како краен корисник, овие компании ќе добијат значително проширување на пазарот. Придобивка за јавниот сектор (и Буџетот на РМ) е што новиот продукт или услуга ќе може да се купи односно изнајми по цена што се очекува да биде значително под нивото што би се постигнало при „традиционална" постапка за јавна набавка.

### 1.3.2. Инструмент за воведување на иновации и технолошки развој во руралниот развој

Во рамките на Други средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој над износот од 1% од вкупните средства од истата, а согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, за иновации, истражување и развој, трансфер на технологии, технолошка екстензија, деловно-технолошки акцелератори од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството и рурален развој за 2019 година, Фондот ќе развива нов инструмент **Воведување на иновации и технолошки развој во руралниот развој**. Целта на новиот инструмент е поттикнување и поддршка на иновациите во руралниот развој.

### 1.3.3. Воведување на инструмент за поддршка на трансфер на технологии

Предвидено е креирање и спроведување на нов инструмент за трансфер на технологии со цел проширување на критериумите за подобност за финансирање, со што како корисници би се опфатиле и високообразовните институции, научно-истражувачките институции, а во насока на јакнење на соработката помеѓу науката и индустријата, и поддршка на комерцијализација на научни истражувања кои имаат примена во бизнис.

## 2. ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМИ

### 2.1. Пристап за мобилизација на ресурси

Фондот продолжува да бара други расположливи можности за финансирање на своите активности. Планирано е воспоставување на соработка и со слични институции за поддршка на иновации во странство, меѓу другото со цел формирање конзорциуми за учество на европски и други проекти. Во рамки на одделението за подготовка на програми, чиј делокруг на работа опфаќа и меѓународна соработка и финансирање, ќе се истражуваат можностите за финансирање од Европската Унија преку Инструментите за претпристапна помош (ИПА 2) и меѓународни фондови. Исто така, Фондот ќе ги следи повиците во рамки на програмата Хоризонт 2020 како и можностите за апликација кај други билатерални и мултилатерални донатори.

### 2.2. Реформа на еко системот

Во рамки на проектот „Канвас за иновации: пат кон зајакнување на националниот иновациски еко систем - физибилити студии“ што го спроведува Делегацијата на ЕУ во соработка со Фондот, беше поднесен нацрт на физибилити студијата која содржи анализа на состојбите во иновацискиот еко систем. Главната цел на проектот е поддршка на развојот на иновацискиот еко систем во земјата, додека специфичните цели се: проценка на националниот иновациски еко систем со фокус на институциите и мерките поврзани со иновации и технолошки развој, како и развој на нови инструменти и мерки за подршка на иновации и технолошки развој во претпријатијата. До крајот на февруари 2019 година физибилити студијата треба да биде дополнета со конкретни предлози и сценарија за натамошната организациска поставеност и работа на Фондот и останатите институции кои даваат поддршка на иновативни мали и средни претпријатија, во насока на како да се подобри нивната ефикасност и сл. Финалниот извештај треба да биде одобрен од страна на Владата на РМ и Делегацијата на ЕУ.

### 2.3. Нови субјекти за инфраструктурна поддршка за вршење на иновациската дејност

Како нови сујекти за обезбедување инфраструктурна поддршка за вршење на иновациската дејност предвидени се : Деловно-технолошките акцелератори и Научно технолошкиот парк.

Во втората половина на 2018 година, Фондот за иновации и технолошки развој во соработка со Светска Банка за првпат додели средства за поддршка на три бизнис акцелератори за млади. Со формирање на овие бизнис акцелератори, избраните конзорциуми ќе развијат програми за основање и развој на старт-ап компании за млади, вклучително и финансиска поддршка за развивање на брзо растечки бизниси кои ќе креираат високоплатени работни места. Со програмите, посебен фокус ќе биде ставен на младите претприемачи, кои преку оваа конкретна менторска и финансиска поддршка базирана на меѓународни искуства, добиваат можности кои се нудат во другите развиени земји.

Во врска со Научно-технолошкиот парк подготвена е нацрт Анализа за избор на моделот за научно-технолошки парк од страна на тим од консултанти, финансиран од ЕУ. Проектот според предлогот ќе се имплементира во две фази: првата е до крајот на 2019 година и предвидува пренамена и реконструирање на постоечки објект по што се очекува и отворање на првиот дел од научно-технолошкиот парк. Во следните пет години предвидена е имплементација на втората фаза со изградба на дополнителен капацитет и лаборатории. Идниот научно-технолошки парк ќе биде сместен во кампусот на техничките факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во рамки на научно-технолошкиот парк предвидено е отворање на канцеларија за трансфер на знаење како центар за соработка меѓу универзитетите, истражувачките институции и индустријата.

## 2.4. Соработка со домашни и меѓународни партнери

Фондот континуирано ќе ги одржува и ќе развива нови партнерства со повеќе клучни институции и организации кои делуваат во МСП секторот и во секторот на иновации, истражување и развој преку организација на информативни настани, учество на конференции, работилници, дебати и други активности.

Фондот ќе ја продолжи соработката со Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија и Кабинетот на ЗПВРМ *задолжен за* економски прашања во насока на спроведување на Планот за економски раст на Владата на Република Македонија.

Предвидено е организирање на натпревари/предизвици на теми од посебен општествен интерес, како и предизвици поврзани со пилотирање на иновациите во јавниот сектор кои ќе се организираат во соработка и партнерство со институции од јавниот сектор.

Фондот, во 2019 година, планира да иницира соработка со надлежни институции за анализа и подготовка на стратегија - Смарт специјализација. Станува

збор за дефинирање на приоритетни области на национално и/или регионално ниво во кои, преку иновативни стратегии, би се развивале компетитивните вредности.

Фондот воспоставува и ќе развива соработка и со меѓународни институции, како што се: Светска Банка, Европска Комисија, УСАИД, УНИЦЕФ и други за мобилизација на финансиски средства за постигнување на дефинираните цели.

Фондот ќе ја продолжи соработката со Светска Банка во насока на градење и зголемување на капацтетите на оваа институција, особено во делот на мониторинг на финансираните проекти, како и во делот на спроведување на стратегија за маркетинг и комуникации со цел поттикнување и зголемување на свеста за потребата од иновации и развој на истражувачки активности во приватниот сектор.

Ќе се воспостави соработка со меѓународен партнер во насока на изработка на студија за воведување на концептот за воведување и реализација на новини во делот на јавните набавки (**Јавни набавки за иновации) во Република Македонија, со воведување на задолжителен % што ќе се намени за иновативни производи и услуги.** Главна цел е, преку измена на постоечката регулатива и зголемувањето на капацитетите на Фондот, да се придонесе кон зголемување на квалитетот на јавните услуги и зголемување на конкурентноста на националната економија, со што би се доближиле до современите општества каде севкупниот раст се базира на знаења и идеи. Понатаму, реализацијата на соработката со Британска амбасада би продолжила во рамките на проект за зголемување на транспарентноста на институциите, како и во областите кои опфаќаат развој на приватниот сектор (потреба од иновативни решенија во приватниот сектор), образовни ресурси и отворени податоци (користење и комерцијализација на јавни податоци).

## 2.5. Комуникација со јавност

Информативни и промотивни материјали, односи со медиуми и организирање настани се планирани активности во делот на односи со јавноста во 2018 година. Како **информативени промотивен материјал,** планирано е да се публикуваат брошури во електронска верзија и/или печатена верзија со информации за одделните инструменти за поддршка на Фондот, како и нивно поставување на веб страницата на Фондот.

Во 2019 година Фондот ќе продолжи со организација на **настани, конференции, инфо-сесии и работилници** со цел приближување на условите за поднесување апликации до потенцијалните корисници и подигање на свеста за претприемништвото и иновациите, политиките за иновации на ЕУ (Хоризонт 2020, Western Balkan Enterprise Development and Innovation Facility - WB EDIF и др.). Фондот исто така ќе учествува и поддржува настани организирани од други организации, на национални и меѓународни конференции.

Особено внимание ќе се посветува на **комуникација со медиумите**, така што Фондот ќе ги вклучи медиумите на сите настани што ги организира. Со прес-соопштенија медиумите ќе се известуваат за инструментите за поддршка, а за дел од

активностите ќе бидат организирани и прес-конференции или брифинзи. На веб страницата на Фондот ќе се продолжи со континуираното информирање за сите настани организирани од страна на Фондот или настани во кои тој е вклучен, како и со објавување информации за одделните инструменти за поддршка и актуелните повици.

### 2.6. Зголемување на свеста на малите и средни претпријатија за корист од иновациите

Фондот има за цел да го унапредува работењето на малите и средни прретпријатија преку зголемување на свеста за корист од иновациите што е планирано да се спроведе преку следниве мерки:

- **Технчка помош за поддршка и унапредување на иновациската дејност и трансфер на технологии кај МСП**. Мерката ќе се спроведе преку обезбедување на бесплатни консултантски/менторски услуги за унапредување на иновациската дејност како и за подготовка на предлог-проекти за инструментите на Фондот за иновации и технолошки развој. Дополнително, предвидено е и подобрување на пристапот кон бесплатна консултантска/менторска помош за претпријатијата преку обезбедување рамномерна регионална застапеност.
- **Промоција на инструментите на поддршка кои ги нуди Фондот**. Мерката ќе се спроведе преку изработка и спроведување на Комуникациски план за промоција на инструментите за поддршка кои ги нуди Фондот.
- **Награда за најиновативна компанија**. Мерката ќе се спроведе преку организирање на настани за мали и средни претпријатија, на кои ќе се промовираат придобивките од иновациите, расположливите стимулации и добрите практики во управувањето со иновациите и
- **Поддршка на самовработување преку развој на иновативни бизниси**. Мерката ќе се спроведе преку поддршка на невработени лица со цел започнување сопствен бизнис. Дел од програмата ќе биде наменет за самовработување на лица преку основање на брзо растечки иновативни компании.
- Предвидено е и **воведување на иновативни ваучери,** најпрво со подготовка на законска регулатива за нивно воведување. Поддршката преку иновациски ваучери ќе биде наменета за услуги набавени од страна на високообразовните и научните институции.

### 2.7. Стимулативни мерки за образовен развој на талентирани ученици

Развојот на талентираните ученици ќе се стимулира преку:

- Програма за поддршка на ученици и студенти и
- „Предизвик за млади истражувачи“

Програмата за поддршка на ученици и студенти ќе се спроведува преку стипендирање на ученици и студенти со цел поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата, учество на меѓународни настани од значење за развојот на науката и технологијата и организирање настани за млади.

Со цел поттикнување на иновативноста кај младите, Фондот ќе организира „Предизвик за млади истражувачи" за учениците и наставниците во основните и средните училишта.

3. ОПШТИ, ПРАВНИ РАБОТИ И ФИНАНСИИ

## 3.1. Управување

Во делокругот на работа на **Управниот одбор** за 2019 година планирано е да се донесат: Годишната програма за работа и Годишниот финансиски план за 2019 година на Фондот, како и други документи согласно Статутот и општите акти на Фондот. Треба да се донесе и Планот за јавни набавки за 2019 година, правилници за нови инструменти и друго.

Во почеткот 2019 година ќе заврши фазата на предселекција на предлог-проекти од петтиот повик поддржан од Светска Банка за Инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва: старт-ап и спин-оф. Оценувањето на проектите во фазата на предселекција ќе се врши од страна на стручни лица. **Комитетот за одобрување на инвестиции** ќе ја спроведе постапката на селекција на предлог-проектите од истиот повик, односно ќе ги разгледа и евалуира предлог-проектите кои ја поминале фазата на предселекција. По реализирањето на пичинзите од страна на апликантите, **Комитетот за одобрување на инвестиции** ќе донесе финална одлука за финансирање.

Покрај тоа, планирано е Комитетот да одлучува за доделување на средства за јавните повици по инструментите и по барања од корисници за позначајни измени на проекти, промени во сопственичка структура и други активности кои се во надлежност на Комитетот.

## 3.2. Организациска структура

Во текот на 2019 година предвидено е да се донесе нов акт за измена на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот во насока на: зајакнување на функциите развој и реализација на програми; мониторинг (следење) на договори; комуникација со јавност/компании потенцијални корисници. Дополнително ќе се разгледа потребата за формирање (одделение за поддршка на) Национална канцеларија за трансфер на технологии како посебна организациона единица (проектна единица) во рамките на Фондот.

Според планираниот нов акт за систематизација, изготвен во соработка со консултант за оперативно работење на Фондот, ангажиран од Светска Банка,

направена е функционална анализа во која се предвидува бројот на вработени до крајот на 2020 година да достигне до 50 лица, на неопределено и определено време. Зајакнувањето на капацитетите е во насока на успешна реализација на новите надлежности (програми) во рамки на третиот столб од Планот за економски раст - финансиска поддршка за ММСП за иновации и технолошки развој.

Постојна организациона структура на Фондот:

**ОРГАНОГРАМ НА ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ**




Вработените на Фондот ќе се усовршуваат преку обуки, студиски посети на слични институции во странство, семинари, конференции, работни групи, работилници, разни курсеви, како и со ангажирање на консултанти во Фондот.

Обуките на вработените на Фондот ќе бидат во следните области: основање на претпријатија, комерцијализација, промоција и осмислување на финансиските инструменти (вклучително грантови и прибирање на ризичен капитал) со цел финансирање на иновативни активности, спроведување на детални анализи за развој на технологија во рани фази, трансфер на технологии, управување со проектен циклус, евалуација на проекти и претпријатија и др.

## 3.3. Градење на капацитети на Фондот за иновации и технолошки развој

Планирано е подобрување на институционалната компетенција на Фондот преку: (а) планирање и осмислување на програмите, стратегиите, операциите и постапките на Фондот и (б) јакнење на капацитетите на Фондот за иновации и технолошки развој; и (в) обезбедување на техничка помош за поддршка и унапредување на иновациската дејност и трансфер на технологии кај корисниците.

Институционалниот капацитет на Фондот ќе се гради преку обуки, студиски посети, како и користење на техничка помош од домашни и странски партнери на теми поврзани со тековните потреби на Фондот. Со цел јакнење на капацитетите на претпријатијата за аплицирање и користење на средствата, Фондот ќе врши и обуки, работилници, настани и едукации. Предвидено е и јакнење на капацитетите на Фондот преку нови вработувања.

Во однос на техничката помош за корисниците предвидено е обезбедување на бесплатни консултантски /менторски услуги во текот на спроведувањето на проектите заради поддршка и унапредување на работењето на корисниците, како и нивниот иновативен потенцијал.

### 3.4. Други процеси

За операциите кои се извршуваат во Фондот ќе се одржуваат соодветни системи и опишани процеси. Ќе се одржува систем за водење на базата на податоци за корисниците на инструментите од Фондот, и други системи согласно препораките на Светска Банка. Во рамки на Проектот за развој на вештини и иновации на Светска Банка, предвидена е поддршка за развој и одржување на оперативната инфраструктура на Фондот, вклучително и на информациско-комуникациски технологии за секојдневно управување со проектот, ќе се одржува системот за финансиски менаџмент, сметководствени активности и известување, активности поврзани со регистрација на корисниците, активности поврзани со поднесување на барања и предлог-проекти, активности поврзани со управување и интеграција на базата на податоци за проектите и корисниците, за оцена на барањата и предлог-проектите, теренските посети и мониторинг на проектите. Во соработка со консултантот за оперативно работење Фондот ќе ги планира и осмислува програмите, стратегијата, оперативните активности и процедури.

## 4. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа годишна програма влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла на Фондот, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

**Дел. Бр.** 01-506/5
04.02.2019 **година,**
**Скопје**

**Претседател на Управен одбор**
**на Фонд за иновации и технолошки развој**

**Моника Јованова**